Телефонските броеви се точни во времето
на издавање на оваа информација,
но не се обновуваат ако дојде до промена.
Ќе треба да ги проверите во
телефонскиот именик пред да се јавите.

NSW Multicultural Health Communication Service
website: http://mhcs.health.nsw.gov.au
e-mail: mhcs@doh.health.nsw.gov.au
phone: (02) 9382 8111

July 21, 1997
Macedonian

multicultural communication

# Согласност за медицинско лечење - кои се вашите права?

(Consent to Medical Treatment - What Are Your Rights?)

NSW HEALTH DEPARTMENT

# Согласност за медицинско лечење - кои се вашите права?

Дали ги знаете своите права кога е во прашање давање согласност за медицинско или забно лечење? Дали, на пример, може докторот да ве натера да се лечите без ваша дозвола? Што ако здравстеното стручно лице сака да се лечите, а вам не ви е јасно како тоа ќе изгледа? Еве што треба да знаете.

**Што значи "информирана согласност"?** Тоа значи дека никаква медицинска или забна услуга не може да се изведе без согласност на пациентот (освен ако тој/таа не е во состојба да даде дозвола од некаква причина). Ова важи за луѓе кои посетуваат доктори, заболекари и други здравствени стручни лица во или надвор од болница или во домови за нега на страи лица. Во некои случаи, како операција, најчесто вашата согласност треба да ја дадете на писмено (со потпишување на формулар), пред да се почне со лечењето.

**Што ако има работи што не ги разбирате во врска со вашата болест или лечењето.** Здравственото лице е тоа кое што треба да ви ги објасни работите на начин кој што вие моежете да го разберете. Прашањата што можете да ги поставите, а кои што може да ви помогнат да разберете се на пример: Од што боледувам? Какво лечење предлагате? Кои се ризиците (опасностите) од процедурата? Дали има некој друг начин на лечење? Кои лекови ќе ми бидат дадени и како тие ќе помогнат? Дали ќе имам некакви непожелни дејства од лековите?

**Што ако не разбирам доволно англиски?** Имате право да добиете преведувач. Здравственото лице треба тоа да го обезбеди или преку Здравствената преведувачка служба или преку Преведувачката служба за усно и писмено преведување.

**Може ли некој мој близок или пријател да ми преведува?** Најдобро е тоа да го прави професионален здравствен преведувач. Медицинскиот јазик може понекогаш да биде тешко да се разбере, а тука е и ризикот блиските или пријателите погрешно да разберат нешто што е важно.

**Што е тоа формулар за согласност?** Формуларите за согласност се користат во болниците. Во нив се бара следово: вашата согласност (одобрение) за одредена процедура (пр.: операција); вашата согласност за "секаква друга процедура ако се смета дека е потребна" - ова најчесто значи лечење или постапка која што, на пример, не била планирана кога почнала операцијата, но можеби се покажала потреба за тоа; ваша потврда дека процедурата ви била целосно објаснета; ваша согласност дека за можноста некој друг доктор, наместо вашиот да ја изведе операцијата. Вашата согласност (или одобрение) за овие работи ги давате со тоа што ќе се потпишете на формуларот. Некој ќе мора да се потпише како сведок.

**Што ако лицето е помладо од 16 години?** Освен ако е итен случајот или лечењето е нешто мало, лицата под 16 треба да добијат согласност од родителот или старателот. Исклучок се 14 до 16-годишници кои може да дадат согласност за лечење, ако се процени дека се доволно зрели.

**Што ако е случајот итен и јас сум премногу болен за да дадам согласност?** Здравствените стручни лица може да се обидат да добијат согласност од некој роднина, ако е тоа можно. Но, можно е тие да мораат да почнат со лечењето без ваша согласност.

**Што ако некој не е во состојба да одлучува за себе?** Понекогаш во некои ситуации луѓето не можат да решаваат за себе затоа што се, на пример, во кома, или имаат деменција или сериозен заостаток со развојот. Во тој случај, согласност ќе се бара од нивниот старател, ако го имаат (и ако старателот има овластување да дава согласност во има на лицето). Ако нема старател, согласност се бара од брачниот партнер на пациентот. Ако нема партнер, согласност се бара од лицето што се грижи за пациентот (некој кој обезбедува поткрепа за лицето сега или пред тоа да отиде во дом за нега). Ако нема лице што се грижи за пациентот, согласност се бара од близок личен пријател или роднина. Ако нема кој да даде согласност - или ако има расправа за тоа кој треба да ја даде согласноста или кој тип на лечење е најдобар, здравсвените лица се обраќаат до Одборот за старателство (Guardianship Board). Ова е државно тело кое може да дава согласност за медицинско или забно лечење во име на лица постари од 16 години, ретардирани лица и лица кои не можат да донесуваат валидни одлуки за себе. Кон ова се пристапува после внимателни разговори со неколку лица вклучувајќи ги здравствените работници, блиските роднини или пријатели на пациентот, ако се смета дека тоа е прифатливо.За повеќе информации за Guardianship Board јавете се на (02) 9555 8500 или на 1800 463 928 за оние кои се јавуваат надвор од Сидне, по цена на локален разговор. Ако имате тешкотии со зборувањето на англиски, јавете се во Телефонската преведувачка служба на 131 450 која ќе ви помогнат да се јавите.

**Ако некој е ментално болен, дали може да се лекува против неговата/нејзината волја?** Само ако се прогласени за болни според Законот за ментално здравје. Ова е законски процес кој се изведува во согласност со два доктора кои се согласуваат дека на ментално болното лице му е потребно лечење затоа што тие се опасни за самите себе, претставуваат опасност за другите или прават нешто што може да предизвика сериозни проблеми за нив (пр: ги раздаваат сите пари што ги имаат).